РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот -------------------, на 41 та седница одржана на 11.11.2020 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-3102/1 од 12.06.2019 година оформен по пријава од подносителот Управителот на -------------------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3102/1 од 12.06.2019 година, од причина што конкретниот случај постапил надлежен државен орган (Судскиот совет на Р. Северна Македонија) кои во рамките на законските надлежности презел конкретни дејствија, ја утврдил фактичката состојба во пријавениот случај и за своите констатации го известил подносителот на пријавата.

Предметот со број 12-3102/1 од 12.06.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката, со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3102/1 од 12.06.2019 година е оформена врз основа на добиена пријава од подносителот ----------------------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за на нестручно, пристрасно и незаконско постапување на судијата --------------------- од Основен суд ------------ во судската постапка за правна работа за утврдување на надомест на штета каде како тужител било ----------------------, заведен во Основен суд --------------- под број 8 МАЛВ.ТС 321/10.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичка состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации со број 12-327/1 од 17.01.2020 година до Судски совет на Р. Северна Македонија со кое побара во рамките на своите законски

надлежности да ги провери наводите во претставката и за резултатите од постапувањето да се извести Државната комисија.

Во законскиот рок беше доставен одговор од Судски совет на Р. Северна Македонија.

По проверка на наводите во пријавата и доставениот одговор од Судскиот совет на Р. Северна Македонија документи, ДКСК го утврди следното:

До Судскиот совет на РСМ од страна на ------------------------била поднесена претставка заведена под УПП бр. 276/19 од 12.06.2019 година во која било изразено незадоволство од работењето на Основниот суд -------------- 8МАЛВ ТЦ бр. 321/10.

Судскиот совет имајќи ги во предвид наводите на подносителот спровел извиди и прибавил известување од судијата на Основниот суд Куманово кој постапувал по предметот. Во прибавениот одговор од судијата се наведува дека судијата постапувал стручно, законито, совесно и врз основа на оцена на сите изведени докази , ја утврдил фактичката состојба и донел одлука. Тужителот го искористил правото на контрола на донесената одлука и изјавил жалба против одлуката на првостепениот суд, , во која ги изнел жалбените наводи пред повисокиот суд во случајот Апелациониот суд Скопје. Советот констатирал дека во случајот станува збор за жалбени наводи кои подносителот ги изнел во жалбата и пред второстепениот суд и кои биле ценети од страна на судот, по што била донесена одлука со која првостепената пресуда била потврдена. Врз основа на сето споменато, Советот по расправата по претставката нашол дека нема елементи за утврдување на одговорност на судиите кои постапувале по предметот.

Судскиот совет на Р. Северна Македонија постапил по претставката на правното лице --------------------------- и на ден 18.07.2019 година му доставил Известување со број 03-1327/2 од 02.09.2020 година.

Врз основа на сето гореспоменато, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен државен орган (Судскиот совет на Р. Северна Македонија) кои во рамките на законските надлежности презел конкретни дејствија, ја утврдил фактичката состојба во пријавениот случај и за своите констатации го известил подносителот на пријавата. Врз основа на сето гореутврдено, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: м-р В.Г. член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**